

# КАРПОШ

## неделен Е - БИЛТЕН




**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ**
**24-31 окт 2024 Билтен бр. 576**

# ДЕЦА ОД ГРАДИНКАТА МАЈСКИ ЦВЕТ ОСВОИЈА ПРВА НАГРАДА

**Градинката "Мајски цвет", објект "Тафталиџе 1" од Карпош, Скопје, ја освои првата награда на конкурсот организиран од "Суниленс", претпријатие што се занимава со рециклирање отпадно масло. Во рамките на екопроектот "Учиме за собирање и рециклирање на отпадно масло за јадење" беше спроведена наградна игра, а повеќе критериуми беа основа за нејзино добивање: Најголемо количество собрано отпадно масло, креативни творби и добро организирани работилници и активности. На 22.10.2024 година, беше одржана семејна работилница на која родителите и децата, низ разновидните активности, потврдија дека го заслужија првото место.**



# ЈАКИМОВСКИ НАЈАВИ ДЕКА ЌЕ ГО НАПУШТИ ЗЕЛС АКО ПРОДОЛЖИ ТЕРОРОТ ОД ВЛАСТА

**Градоначалникот на општина Карпош на денешната прес конференција најави дека општина Карпош може да ја напушти ЗЕЛС поради големи притисоци од страна на централната власт.**

**„Причини за напуштање на ЗЕЛС има многу. ЗЕЛС ги премолчи сите притисоци што ги трпиме од министрите од оваа влада. Не сум прв пат градоначалник. Но, ова е невидено што го прават министрите од владата на Мицкоски. Не знам дали е по негова директива, или не е, но гледате што прават со градоначалникот на Струмица. Градоначалникот да имал чиста вода за пиење. Министерот си ја решил ситуацијата во земјоделието, па се фатил со детено „водата, па водата“. Наместо да му помогне како министер, видете тој што прави. Што прават со мене тука? Министерот за транспорт вика јас не потпишувам планови додека сум министер и уште се фали дека со новиот закон му се зголемиле ингеренциите. Сега јавно да го прашам. Вие одите кон Брисел или одите кон Москва? Ако одите кон Брисел вие треба да ги намалувате дискреционите права, а не да ги зголемувате. Ако одите кон Москва, тогаш ќе функционирате со декрет. Министерот за внатрешни, гледате ни пушта кривични, на апсолутно чист предмет, а од друга страна гледате дека се пуштаат бандити од затвор. Од друга страна, прв пат во 47 години се случи да не се гласаат програми, да не се гласа Буџет и тоа од оваа партија на власт. Кое племе е ова? Од каде дојдоа? Да не се гласаат програми за работа. Ај што не ги гласаат, туку кога ќе ги изгласаме, ги обжалуваат во инспекторат и вршат притисок да донесат одлука каква што тие сакаат. И мислат дека ние сето тоа треба да го трпиме. Министерот за локална самоуправа го гледа сето тоа и си ќути. ЗЕЛС ова го гледа како не се гласаат програми на колеги кои не се од негова партија. И ние треба да останеме во таа институција и да функционираме. Затоа претседателот на ЗЕЛС не треба да биде од истата партија за да ги штити интересите на локалната самоуправа. Ова е многу сериозна работа. Со ова треба да бидат запознати сите амбасади како функционира оваа власт буквално разулавена. Но јас сум сепак, за да седнеме и да разговараме. Мене ме побара колегата Орце Георгиевски. И побара да се сретнеме. Да сакам да се сретнеме и треба да се сретнеме, затоа што вака не можеме да функционираме“, изјави Јакимовски.**

# ТРИБИНА – СОВЕТИ ЗА МЕНСТРУАЛНОТО ЗДРАВЈЕ НА ЖЕНАТА

**Во организација на Општина Карпош по повод одбележување на 48 годишнината од формирањето на локалната самоуправа во амфитеатарот на Универзитетот Скопје се одржа трибина за женското здравје. На настанот говореше д-р. Катерина Станкова Нинова, гинеколог која има над 20 години професионално искуство во својата струка. Фокусот на трибината беше насочен кон образложување на практични совети за менструалното здравје на жената. Во таа насока, стручното лице напомена дека адолесцентките каде што првиот менструален циклус треба да настане до нивната 16година, треба да се заштитат од несакана бременост, но и од евентуални сексуално преносливиинфекции.Спореднеа,вакцинатазаХПВзаштитуваоднајризичните ХПВ типови и се препорачува за двата пола, а во репродуктивната доба само користењето на кондоми штити од сексуално преносливи инфекции, додека пак абортусот не е метода за заштита од бременост. Докторката посочува дека за менопаузата се утврдува кога една година жената немала циклус, еднаш годишно треба да се направи ЕХО преглед. Таа предупреди дека во ваквите случаи неопходно е да се направи колоноскопија по 40. година од животот бидејќи во постменопауза се зголемува ризикот од зголемен крвен притисок, дијабетес, метаболичен синдром и друго. Докторката советува за т.н. дензиометрија (преглед за утврдување на остеопороза). Спорред некои истражувања, само 14% од жените во земјава, кои се во врска или во брак, користат контрацепција која проверено штити од непланирана бременост. На крајот од обраќањето се разви дискусија каде присутните поставуваа прашања во врска со темата.**

**Овој настан е дел од планираните активности од Програмата за еднакви можности меѓу жените и мажите за 2024 година.**



## ЈАКИМОВСКИ ВО ПОСЕТА НА ДОМОТ ЗА СТАРИ ЛИЦА „МАЈКА ТЕРЕЗА"

**По повод одбележување на Денови на Општина Карпош, денеска, градоначалникот Стевчо Јакимовски ги посети корисниците кои престојуваат во Домот за стари лица ,,Мајка Тереза" . Во организација на Одделението за социјална и детска заштита, традиционално првиот човек на Општината им подели пригодни пакети на граѓаните од третото доба, на кои во разговор ги потсети дека треба да внимаваат на себе и нивното здравје, а дека тоа најдобро го прават луѓето кои во Домот се грижат за нив.**

**-И оваа година заедно ги започнуваме традиционалните Денови на Општина Карпош, по повод 48-годишното постоење од нашата Општина. Вие сте нашите најстари карпошани за кои треба да се грижиме. Бидете живи и здрави и чувајте се – заврши Јакимовски.**

**Имено, во рамки на денешниот настан, старите лица ги посетија и волонтерите од Невладината организација ,,Такт", кои преку пилот проект одржаа работилници кои се од суштинско значење за зачувување на традицијата и културното наследство, како и поддршка на старите лица за подобрување на квалитетот на нивниот живот.**



# ЈАКИМОВСКИ: ОРЦЕ Е ОБИЧНА ФИГУРА ВО ЗЕЛС, ПОЛИТИКАТА СЕ КРЕИРА ОД ВМРО-ДПМНЕ

**Преку нарачани недолични памфлети во партиски гласила владејачката ВМРО–ДПМНЕ покажува дека не ја сфаќа сериозно пораката за напуштање на ЗЕЛС. Со ваквиот однос покажуваат дека ЗЕЛС е само обичен партиски комитет на ВМРО–ДПМНЕ, а Орце Георгиевски е само една обична фигура на чело на ЗЕЛС, порача денеска градоначалникот Стевчо Јакимовски.**

„Мојата најава дека доколку министрите во владата на Р.Македонија продолжат на ваков начин да вршат притисок и неодговорно да се однесуваат кон општина Карпош дека ќе го напуштам ЗЕЛС. Очигледно дека од владејачката партија не ја сфаќаат сериозно и вчера ми одговорија НЕ преку претседателот на ЗЕЛС. Мојот апел беше упатен кон ЗЕЛС, но никако во ВМРО-ДПМНЕ. И гледате, преку нивното партиско гласило Курир, ми одговараат дека, пазете, сум се решил на „очајнички потег и напуштање на ЗЕЛС. Познавачите на состојбите толкуваат дека се работи за приземен, незаконски, неодговорен, неинвентивен чин на привлекување на внимание. Инфантилен потег кој не може да донесе добро на општините кои ги претставуваат.“ Ова само покажува дека ЗЕЛС е само обичен партиски комитет на ВМРО-ДПМНЕ и нема никаква врска со чадор, заштитник и промоција на идеите и развојот на локалната самоуправа. Ова само јасно покажува дека господинот Орце Георгиевски е само една обична фигура на чело на ЗЕЛС, а дека целата политика ја креира таму неговата партија.

Јакимовски уште еднаш ги предупреди министрите во влада или ќе го коригираат односот, или ќе го напушти ЗЕЛС.

„Тоа е причина повеќе да им укажеме уште еднаш. дека или ќе го коригираат нивниот однос, или ќе го напуштиме ЗЕЛС затоа што очигледно со вакви недолични и навредливи памфлети кои тие ги пишуваат само покажуваат дека не ја сфатиле пораката. И можете да замислите, тоа што министерот за транспорт и врски вели „јас не потпишувам урбанистички план, додека сум јас министер“, него не му пишуваат дека е „приземен“, „инфантилен“, дека „работи незаконски“, „неодговорен“, „неинвентивен“, итн..., не е приземен, неодговорен, инфантилен, неинвентивен“ односот на министерот за внатрешни работи кој на божја правдина поднесува кривични пријави на вработените и на мене овде во општина Карпош. Не е „приземно и неинвентивно“ што министерката за образование од 39 милиони кои биле 2022 година за образование во општина Карпош, ни пуштила 23 милиони денари и уште ни велат ние треба да научиме како да менаџираме со парите. Тие не се инфантилни, работат по закон, а ние сме наводно егзибиционисти и бараме простор во медиумите како резултат на тоа дека сме сакале да привлечеме внимание во јавноста.

**Тој уште еднаш потенцираше, дека доколку претседателот на ЗЕЛС продолжи немо да ги следи случувањата и притисоците и не преземе чекори за вразумување на неговите министри, тогаш нема зошто Карпош да биде дел од тие институции.**

**Отворено ќе им кажам. Само вие мислете на избори. Само вам ви се изборите во глава и ништо повеќе од тоа. Ние си ја работиме нашата работа. Тоа што ви е обврска со закон должни сте да го направите. Без разлика дали ви се допаѓа. Со тоа што се исполнети условите, ти министре со должен да потпишеш. Дали ја сакате општина Карпош или не, вие сте должни да обезбедите греење и нормално функционирање на училиштата. Дали ме сакате мене или не, должно сте да ги гласате програмите за работа во општина Карпош. Што ни преостанува нам друго, освен да излеземе во јавност, и да кажеме дека ако министерот за локална самоуправа не влијае врз своите колеги на начинот на однесување кон една или повеќе општини, и ако претседателот на ЗЕЛС ова немо го посматра, и не преземе чекори во насока на вразумување на неговите министри и дел од неговите партиски колеги тогаш нема зошто ние да бидеме дел од овие институции. Очигледно тие институции не функционираат и не придонесуваат за развојот на Карпош и тогаш ќе го продолжиме сами патот, смета градоначалникот.**



# ТРИБИНА ЗА МАШКОТО ЗДРАВЈЕ

**Во организација на Општина Карпош по повод одбележување на 48 годишнината од формирањето на локалната самоуправа во амфитеатарот на Универзитетот Скопје се одржа трибина за машкото здравје. На настанот говореше д-р. Владимир Зориќ специјалист по семејна медицина. Фокусот на трибината беше насочен кон образложување на практични совети за унапредување на здравјето со постојана грижа и одговорност. Во таа насока д-р Зориќ потсети дека клучен фактор за одржување на машкото здравје и успешна превенција од болести какви што се рак на простата и рак на тестиси е навремената дијагностика која воедно го зголемува процентот на излекување. Според него околу 10% од населението во Македонија има дијабет, а оттука кај тие лица постои зголемен ризик да добијат кардиоваскуларно заболување.**



# „АВРАМ ПИСЕВСКИ" – ПОБЕДНИК НА ЈУБИЛЕЈНОТО ИЗДАНИЕ НА „КАРПОШ ИМА ТАЛЕНТ"

**По повод 48 годишното постоење на Општина Карпош, вчеравечер, во Драмскиот театар, се одржа десеттата по ред традиционална манифестација „Карпош има талент" која е во организација на Секторот за дејности од јавен интерес. Со свои театарски изведби, музички перформанси и танцувачки способности, учениците од десетте основни училишта на Општина Карпош, на јубилејната манифестација „Карпош има талент", се претставија пред многубројната публика. Во преполната сала каде одекнуваа воздишките и силно се чувствуваа емоциите, младите карпошани создадоа атмосфера која доликува на едно динамично шарено детско шоу. Во него тие го покажаа својот раскошен талент, презентирајќи ги своите уметнички перформанси како актери, пејачи и танцувачи.**

**Притоа, сите учесници на бината настапија со прекрасна кореографија и беспрекорна сценска изведба, со што му дадоа тешка задача на стручното жири кое требаше да ги прогласи трите најталентирани изведувачи. Оттука, жирито кое го сочинуваа музичарот Андреј Ѓорѓиески, кој е член на групата ДНК, Александра Никифоровски, балетски педагог и кореограф од балетското студио Булфрогс, Марина Ивановска, професор по македонски јазик литература во СУГС „Георги Димитров", како и Гордана Ивановска Велковска и Невена Георгиевска, членови на Советот на Општина Карпош, одлучи првото место да го доделат на ООУ „Аврам Писевски" кои настапија со ромски танц-чочек „Чае Шукарие". Второто место го поделија учениците од ООУ „Димо Хаџи Димов" и ООУ „Петар Поп Арсов", кои во изведба на групни музички перформанси ги воодушевија присутните. Третото место го поделија ООУ „Владо Тасевски" со изведба на краток скеч и ООУ „Братство"со музичко сценски настап.**

**За оваа намена, Општина Карпош обезбеди и финансиска поддршка, како еден вид награда за најталентираните уметнички изведувачи.**



# БЛАГОДАРНИЦИ ЗА ДАРУВАЧИТЕ НА КРВ ОД КАРПОШ

**По повод роденденот на Општина Карпош, трети ноември, градоначалникот Јакимовски се сретна со евидентирани крводарители, кои се граѓани на Карпош и кои дарувале крв повеќе од 50 пати. Оваа драгоцена течност, во изминатите години, ја дарувале осум лица кои продолжуваат и понатаму да бидат редовни дарувачи на крв. За прв пат оваа година тројца вработени во администрацијата, се наградени како најчести крводарители и поддржувачи на крводарителските акции во Општина Карпош и пошироко.**

**Првиот човек на Општината, им додели благодарници за нивната солидарност и упорност, а беше доделена и скромна финансиска поддршка.**

**-По повод Денот на Општината, ги наградуваме оние кои што се хумани, а тоа се нашите крводарители на Општина Карпош. На овие луѓе им доделивме благодарници и еднократна парична помош, како благодарност за нивниот хуман гест и солидарност. Инаку би сакал да споменам дека и јас сум крводарител и би сакал да ги поттикнам сите тоа да го прават – рече Јакимовски и ги повика сите граѓани на Општина Карпош и пошироко активно да се вклучат во крводарителската акција која ќе се одржи на 31 октомври, во ООУ ,,Јан Амос Коменски”.**



# ДОДЕЛЕНИ 140 ХУМАНИТАРНИ ПАКЕТИ ПО ПОВОД РОДЕНДЕНОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ

**Во организација на Одделението за детска, социјална и здравствена заштита при Општина Карпош, годинава традиционално по 32-ри пат беа доделени околу 140 хуманитарни пакети за семејствата кои влегуваатво социјален ризик. Голем придонес кон оваа хумана акција дадоа децата од градинките и училиштата, граѓаните и администрацијата од Општина Карпош, кои донираа прехранбени и хигиенски производи за своите сограѓани. Во оваа пригода, градоначалникот Стевчо Јакимовски ги подели хуманитарните пакети кои се наоѓаат во потешка материјална состојба.**

**Оваа хуманитарна акција ја спроведуваме традиционално, по повод одбележување на 48 годишнината од основањето на нашата локална самоуправа, а истата ја реализираме и за Божиќните и Велигденските празници. Покрај тоа што даваме еднократна парична помош на социјално загрозените семејства, се трудиме колку толку овие денови полесно да ги поминат, иако тоа е целосна обврска на државата. Меѓутоа и во овој случај локалната самоуправа секогаш се труди да помогне во рамките на своите можности – додаде Јакимовски.**
**Хуманитарните пакети беа поделени во урбаните заедници Карпош 2 и Влае 1, а дел од пакетите ќе бидат однесени во домовите на лицата кои поради попреченост, не беа во можност сами да ги подигнат.**



# ОПШТИНАТА ГИ НАГРАДИ ТАЛЕНТИРАНИТЕ УЧЕНИЦИ И СПОРТИСТИ

**По повод одбележување на 48 годишнината од своето постоење, Општина Карпош денеска награди 85 основци од Карпош со осуммесечни парични стипендии, кои традиционално ги доделува секоја година. На денешната манифестација која се одржа во ООУ „Петар Поп Арсов“, присуствуваа и претставници од Секторот за дејности од јавен интерес, одделенијата за образование, култура и спорт, како и градоначалникот Стевчо Јакимовски, кој во оваа пригода им ги врачи решенијата за стипендии на најталентираните ученици и спортисти.**

**Особено сум горд што оваа година имаме освојувач на златен медал на Светски шампионат во математика. Сите трошоци ги покривме ние, како Општина, а тој се врати со медал. Сиве овие години како градоначалник ме прават среќен случајните средби со некои граѓани, кога ќе ми кажат дека биле поранешни стипендисти на Општина Карпош. И сега тие станале дипломирани доктори, инженери, или сеуште се на студии, значи дека ние сме ги насочиле средствата на вистинско место и сме дале само еден поттик кон нивниот личен напредок. Нашата цел е да им покажеме на помладите сограѓани дека ако вложат дополнителни напори и работат вредно, дека локалната самоуправа секогаш ќе го валоризира нивниот труд – истакна пред присутните, градоначалникот Јакимовски.**

**Поточно, 51 талентиран ученик од VIII и IX одделение добија осуммесечни стипендии од кои 22-ца влегуваат во прва категорија и тие ќе добиваат месечна стипендија во висина од 3.500 денари, додека пак 29 ученици ги исполнија критериумите за добивање на стипендија од втора категорија чија месечна вредност изнесува 3.000 денари.**



Во рамки на денешната манифестација во пресрет на 48 – миот роденден на Општина Карпош (3. ноември), градоначалникот Јакимовски им ги врачи наградите и на шесторицата основци кои победија на литературниот и ликовниот конкурс (за одделенска и предметна настава), кој се одржа на тема „Приказна за мојата општина“. Локалната самоуправа ги награди првоорангираните со парични средства во висина од 10.000 денари, вторoрангираните ќе добијат 6.000 денари, додека пак треторангираните освоија по 4.000 денари.

Првиот човек на Општината им ги врачи наградите на осум ученици и 10 наставници – ментори во вид на еднократна финансиска поддршка во висина од 7.500 денари поединечно, за постигнатите резултати во областа на образованието. Станува збор за осум основци од Карпош кои го освоија првото место на државните натпревари кои беа организирани од акредитирани здруженија, од областа на природните науки, англиски и германски јазик, математика, хемија и музичко образование.

Покрај нив, 34 талентирани основци – спортисти од Карпош добија осуммесечни стипендии, од кои 28 од нив се класифицирани во прва категорија, што значи дека ќе добиваат месечен паричен надоместок во висина од 3.500 денари. Шесторица талентирани ученици – спортисти ќе добиваат стипендија од втора категорија, која изнесува месечно по 3.000 денари.

Планираната блок дотација изнесува 596. 299.000 денари, од којашто е реализиран износот во висина од 453.486.295 денари. Во прилог на образложението стои и дека Самофинансирачките активности за основното образование и детските градинки се планирани во износ од 73.958.000 денари, а реализираните приходи се во висина од 33.213.117 денари.